# КОНВЕНЦИЈА
## на Обединети нации за правата на лицата со попреченост

# Човекови права за жени, мажи и деца со попреченост насекаде во светот

Лесно читлива верзија наменета за лица со интелектуална попреченост

Сите луѓе имаат човекови права.
Лицата со попреченост имаат исти права
како и другите луѓе.
Насекаде во светот.



Лицата со попреченост најчесто живеат
во многу потешки услови во споредба со другите граѓани.
Повеќето лица со попреченост живеат во сиромашни земји.
Во многу држави, лицата со попреченост имаат помалку права.
Многу често се соочуваат со лош третман.



Тоа не е праведно.
Тоа треба да се промени.
Поради тоа, Обединетите нации
изготвија писмен договор - Конвенција.
Договорот треба да биде потпишан од многу земји во светот.
Овие земји треба и да го почитуваат договорот.



Обединетите нации се една голема група.
Ја создаваат политиката во светот.
Речиси сите држави се членки на Обединетите нации.

Обединетите нации долго и точно размислувале.
За договорот биле прашани лицата со попреченост.
Многу лица со попреченост од сите страни на
светот дадоа придонес во создавањето на конвенцијата.
Вие знаете најдобро:
Кои права ни се потребни?
Каде постапуваат лошо со нас?
Што мора да се подобри?



## Што содржи договорот?

Лицата со попреченост имаат исти права како и сите други граѓани.
Тие не треба да бидат третирани лошо.
Тие треба да одлучуваат за нивните животи.
Тие треба да ја добијат поддршката и помошта која им е потребна.

Лицата со попреченост се важни.
Кон нивните потреби треба да се пристапи сериозно.
Тие имаат право на глас.
Како и сите други луѓе.



Договорот нагласува:
Државите треба особено да ги почитуваат правата на жените со попреченост.
Кон жените со попреченост многу често лошо се постапува:
- затоа што имаат попреченост,
- и затоа што се жени.
Многу често се соочуваат со насилство.
Затоа овие жени имаат потреба од посебна помош и поддршка.



Во договорот се застапени и правата на децата со попреченост.
Тие треба да ги имаат истите права како сите други деца.

Многу луѓе имаат лоша слика за лицата со попреченост.
Државите треба да го променат тоа.
Телевизијата и весниците треба да известуваат повеќе за лицата со попреченост.
Сите треба да знаат:
Како живеат лицата со попреченост?



## Што е важно за лицата со попреченост?

### Без бариери:

Лицата со попреченост треба да се вклучени насекаде.
Но тие се соочуваат со многу пречки.

Постојат пречки за лицата во инвалидска количка:

- скали
- многу мали тоалети
- непристапни приоди на станиците
- непристапни возови, автобуси и авиони



За лицата со интелектуална попреченост бариерите се:
- Начин на комуникација – тешко разбирливи јазици

За глувите лица бариерите се:
- Нема доволно толкувачи на знаковен говор



Сите овие пречки претставуваат потешкотија за лицата со попреченост.
Затоа, тие често не можат да учествуваат во секојдневниот живот.

Многу од овие бариери мора да бидат отстранети.
На пример:
Луѓето во инвалидска количка имаат потреба од посебни приодни рампи или лифтови.
Поголеми тоалети.



За лицата со интелекутална попреченост:
Потребен е лесно разбирлив говор или сликовити прикази.
Најпотребни се натписи на јавните места и згради.

Глувите лица имаат потреба од толкувачи на знаковен говор.

Сите држави треба да ги елиминираат овие пречки.
Тоа ќе овозможи сите да имаат право да го кажат своето мислење.
И ќе обезбеди дека сите луѓе ќе учествуваат во животот во заедницата.



## Еднакви права



Лицата со попреченост имаат исти права како сите други луѓе.
Тие можат како сите останати луѓе да одат во суд.
Судиите треба сериозно да пристапат кон лицата со попреченост.
Лицата со попреченост треба да добијат поддршка во остварување на нивните права кога тоа им е потребно.

На пример:
Да им се објаснат потребните закони.
Да им се обезбеди потребната помош.
Но никој не може да одлучува во име на лицата со попреченост.
Ниту за лицата со интелектуална попреченост.
Или за лица со ментална болест.
Или за лица кои не можат да зборуваат.



Потребата и желбата на лицата со попреченост е важна.
Тие треба да одлучат.

## Домување и живеење



Лицата со попреченост сами треба да одлучат:
Каде сакаат да живеат.
Со кого сакаат да живеат.

Лицата со попреченост имаат право на избор.
Тие треба да одлучат за видот на живеалиште.
Дали ќе живеат во својот дом или во резиденциски дом.
Да живеат сами или во заедница.
Со или без партнер/ка.
Во град или на село.



Без разлика каде ќе одлучат да живеат,
треба да добијат соодветна поддршка.
Никој не мора да биде преселен во резиденциски дом
само затоа што му е потребна помош.
Помош и поддршка треба да им се обезбеди
таму каде што се наоѓаат.




Сите луѓе имаат право на приватен живот.
И лицата со попреченост - без разлика каде тие живеат.
Тоа значи:
Никој не смее да им влезе во апартманот
или во собата без дозвола.
Никој не смее да им ја чита поштата, без одобрение и без да праша.

## Работа

Лицата со попреченост треба да работат секаде
каде што работат и другите луѓе.
На пример:
Во фабрика во нивниот град.
Или во супермаркет.
Или на универзитет.
Или во болница.



Тие треба да добијат поддршка на работното место.
Лицата со попреченост треба да добијат добра обука.
Тие треба да ја одберат својата професија, како и другите луѓе.
Фирмите и фабриките треба да вработуваат лица со попреченост.

## Училиште

Сите деца треба да одат во исти училишта.
И децата со попреченост треба да учат заедно со другите деца.
Не треба да има специјални училишта.



Наставниците треба да бидат достапни за сите деца.
Потребно е да се знаат потребите на секое дете.

Затоа е потребно добро образование за наставниците.
Некои деца имаат потреба од поголема поддршка.
Училиштата треба да бидат исти за сите деца.
Наставник за поддршка во тој случај треба да доаѓа во одделенијата.

## Партнерства



Лицата со попреченост треба самите да си ги
одбираат партнерите како и сите други луѓе.
Тие треба да имаат можност да стапат во брак
како и сите други луѓе.
Да имаат деца, доколку тоа го сакаат.



Никој не смее едноставно да им ги одземе децата.
Доколку им е потребно, треба да им се обезбеди
помош и поддршка во семејството.

## Здравје

Мора да се обезбеди добра лекарска грижа и за лицата со попреченост.
Лекарите и болниците мора да бидат достапни
и за лицата со попреченост.

Тоа значи:
За лицата во инвалидска количка потребно е да има лифт.
Адаптиран тоалет за влез со количка.
За слепите лица да се овозможи лесно да го најдат
патот до болницата.
Лекарите треба со лесно разбирлив говор да објаснат
на што се однесува болеста.



Кон лицата со попреченост треба да се однесуваат исто како и кон другите луѓе.
Сите треба да добијат медицинска и друг вид на помош која им е потребна.
Затоа помошта и лековите не треба да бидат многу скапи.



Лицата со попреченост треба да бидат запрашани.
Тие не смеат да бидат оперирани, испитувани или прегледани против нивна волја.

## Информации



Лицата со попреченост треба да го кажат своето мислење.
На нив им е потребна соодветна информација.
Потребно е да знаат што е важно и што се случува.
На пример: во политиката.

Сите луѓе имаат потреба да добијат информација која ќе ја разберат.

На пример:
Слепите лица треба да можат да читаат од компјутер.
Глувите лица имаат потреба од знаковен говор на телевизија.
Лицата со интелектуална попреченост имаат потреба од книги и весници во лесно разбирлива форма.



## Во Конвенцијата на Обединети нации има уште многу важни работи



На пример:
Сите луѓе имаат право на живот.
Сите луѓе треба да бидат заштитени од насилство.
Вклучувајќи ги лицата со попреченост.

Потребно е државите сега:
Да ги променат законите или да донесат нови закони.
И да обезбедат почитување на законите.
Лицата со попреченост треба да бидат консултирани кога се донесуваат нови закони.

# сите вклучени!

## Конвенција на Обединети нации за правата на лицата со попреченост

**Републички центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА**

тел.: 02/3296-961, факс: 02/3296-960
ул. Орце Николов бр. 122, 1000 Скопје
e-mail: poraka@t-home.mk
web: www.poraka.org.mk

*Поддржано од:*

NED
National Endowement for Democracy
Supporting freedom around the world

* *Изнесените гледишта во промотивниот материјал не значи дека ги изразуваат и оние на NED*